Република Македонија
Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

# 2015

# ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2015 ГОДИНА**



**Содржина**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ... 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ... 5

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ... 6

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ... 6
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ... 7
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ... 7

IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ... 10

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 12

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ... 13

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ... 17

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ ... 29

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 37

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ... 40

XI БИБЛИОТЕКА ... 40

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ... 41

XIII СТАТИСТИКИ ... 43

XIV ЕВАЛУАЦИЈА ... 44

XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ... 45

## I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (понатаму Академијата) продолжува да ја игра централната улога во професионалното стручно усовршување и обука на судиите, обвинителите, како и судската и обвинителската служба. Во изминатите 9 години, оваа институција навремено и целосно ги исполнува обврските од преземените проекти и од соработката со големиот број домашни институции, професионални здруженија на другите правосудни професии и цивилното општество, како и од преземените проекти со Амбасадите во РМ, сродни институции за обука во регионот и Европа и други меѓународни организации. Потврда за тоа се и досегашните и последниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, во кои во континуитет позитивно се оценува работата на Академијата и силно се поддржуваат сите нејзини реформски активности во рамките на Предлог Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.

Во Предлог Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2016-2020, изготвена во рамките на Проектот ИПА 2010 „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки“ дефинирани се клучните Поглавја и Потпоглавја во кои се предложени Интервентни полиња и Дејности кои треба да бидат преземени. Академијата се јавува како носител на значајни активности кои се во насока на унапредување на независноста, непристрасноста и транспарентноста на правосудниот сектор, а особено за унапредување на компетентноста на судиите и јавните обвинители преку унапреден систем за професионална обука.

Во рамките на реализацијата на Планот на активности на Владата на Република Македонија подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (согласно Извештајот на Рајнхард Прибе), од јуни 2015 година, доставена од страна на Европската комисија (Генерален директорат за соседство и пристапни преговори), Академијата ги спроведе сите мерки со рок за спроведување до крајот на 2015 година за кои согласно Планот беше определена како носител, при што во соработка со партнерите реализираше обуки за етика и интегритет на судиите да се справат со притисоци, базични и напредни обуки за обучувачи со кои беа опфатени новоизбраните предавачи на Академијата, како и активности во насока на развој на методологија за оценка на ефикасноста на обуките и нивниот импакт врз подобрување на квалитетот на редовната судско/обвинителска пракса за која цел, странскиот експерт ангажиран од ИПА 2010 Проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“, во рамките на компонентата за јакнење на капацитетите на Академијата, оствари работна посета на Академијата и релевантни правосудни институции во земјата. Исто така, согласно роковите предвидени во Планот, започната е постапка за прием на VI генерација слушатели на почетна обука а преземени се и активности за обезбедување

на финансиски средства за испраќање на судии на студиски престој во ЕСЧП и испраќање на кандидати за судии и јавни обвинители на едномесечен стаж во ЕСЧП.

Академијата постојано ги испитува, истражува и пресретнува потребите за обука на нејзините целни групи, но и пошироките општествени потреби за обезбедување независно, транспарентно, достапно судство во корист на граѓаните на РМ. На планот на унапредување на стандардите на обука, во согласност со современите принципи и стандарди на европските институции за обука и најновите документи на меѓународните организации во врска со обуката во правосудството, активностите беа насочени кон подобрување на квалитетот на обуката во целина, односно унапредување на механизмите за планирање, подготовка и реализација на програмите за континуирана и почетна обука, воведување на нови механизми за подготовка на сите испити (приемен, завршен и испит за директор, психолошките тестови и тестот за интегритет), како и понатамошно унапредување на современите наставни техники и методологии, насочени кон подобрување на вештините на предавачите и менторите за презентација и пренесување на знаењата и вештините на целните групи, учесници во обуките. Особен акцент беше посветен на обуките за правна аргументација и образложение на судските одлуки во кривичната и граѓанската материја, но и обвинителските процесни акти, а во насока на зголемување на квалитетот на судските одлуки, кои се објавуваат, со цел за поголем увид на јавноста во работењето и квалитетот на работењето на судиите и обвинителите, а особено на нивните одлуки. Во делот на обуките за новите процедурални закони, од особено значење за унапредување на гаранциите за еднаквост на оружјето, е воведување на новиот концепт на обуките за новиот Закон за кривична постапка, кои се одвиваат посебно за судиите и посебно а обвинителите и со посебни тимови на предавачи за секоја од целните групи, а истиот концепт беше негуван и во поглед на обуките за новиот Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Реализацијата на Програмата за работа за 2015 година беше целосна, а се исполнија и сите законските надлежности во поглед на почетната и континуираната обука на судиите, обвинителите и другите целни групи, преку реализација на годишните каталози за 2015 година. Исто така, во целост беа реализирани и сите проектни активности кои произлегоа од меѓународната соработка на Академијата со нејзините странски партнери и поддржувачи.

Во 2015 година беше донесен новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр. 20 од 20.02.2015 година) со кој се воведоа нови построги критериуми за влез во почетната обука а со тоа и во судско обвинителската професија, но и при изборот на членовите на сите органи и тела, кои ги креираат и спроведуваат нејзините политики, како и измени во начинот на спроведување на Програмата за почетна обука и полагањето на примениот и завршниот испит во Академијата. Потоа следеа и измени и дополнувања на Законот (Службен весник на Република Македонија бр. 195 од 5.11.2015 година и Службен весник на Република Македонија бр. 231 од 31.12.2015 година) со кои се воведе електронско полагање на испитите, при што е дадена можност одвивањето на целиот испит да се следи во живо преку Веб страната на Академијата, а воедно заради пополнување на

потребниот број на јавни обвинители воведени се нови услови за прием во почетна обука.

Воедно, Академијата продолжи со јакнење на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и Европа во делот на имплементацијата на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обука, но исто така ја продолжи веќе воспоставената практика на преведување и објавување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, како и на други релевантни меѓународни документи, издавање публикации и брошури, кои претставуваат значаен извор на знаење и градење на процесот на доживотно учење.

Во насока на промовирање на правосудниот систем на Република Македонија и неговите вредности Академијата продолжи со учество во активностите на меѓународните тела и организации на Европската унија, Советот на Европа и пошироко, и тоа Европската мрежа за правосудна обука (ЕЈТН), Комитетот ГРЕКО при Совет на Европа, Советодавниот совет на европските судии (CCEC), Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ), Меѓународната мрежа за судска обука (ИЈОТ) и многу други, притоа обезбедувајќи компаративни информации и превод на документи кои имаа значаен придонес во јакнењето на квалитетот и ефикасноста на правосудство.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Во текот на 2015 година беше донесен нов Закон за Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник на РМ, бр. 20 од 12.02.2015 година) со измените (Службен весник на РМ, бр. 192 од 5.11.2015 година). Законот, во поглед на статусот, не отстапува од претходниот законски концепт во однос на независноста и самостојноста и го уредува работењето на Академијата, како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, како и работењето на органите на управувањето и финансирањето.

Во текот на 2015 година, Управниот одбор ги усвои сите подзаконски акти на Академијата, во рамките на надлежностите на Управниот одбор, беа усогласени со новиот закон за Академијата.

Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (Службен весник на РМ бр.56/2015) и другите подзаконски акти поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на вршење на сите сегменти од дејноста на Академијата.

## III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор на Академијата во текот на 2015 година одржа 12 седници на кои се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор, при што, по предлог на директорот, беа донесени новиот Статут и новите подзаконски акти – правилници, со кои поблиску се уредуваат одделните сегменти од работењето на Академијата, заради усогласување со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители што беше донесен во февруари 2015 година (Службен весник на Република Македонија бр. 20 од 12.02.2015 година), со примена од 20 мај 2015 година. Со оглед дека новиот Закон за Академија предвидува нови критериуми за избор на органите на Академијата, Управниот одбор донесе и Правилник за полагање на испит за директор и стручен испит а на предлог на Програмскиот совет утврди Програма за полагање на испит за директор и стручен испит. Управниот одбор ги утврди изготвувачите на прашањата и студиите на случаи, за испитот за директор, од редот на предавачите, а кои се применуваат и за испитот за членовите на Управниот одбор, како и членовите на Комисијата за верификација на прашањата и студиите на случаи за наведениот испит, составена од професори од правните и економски факултети.

Управниот одбор на Академијата ги усвои Извештајот за работата на Академијата за 2014 година, завршната сметка за 2014, Програмата за работа во 2015 година, го донесе Планот за јавни набавки за 2015 година, Финансискиот план и Стратешкиот план на Академијата а врз основа на позитивното мислење на Програмскиот совет, утврди нова листа на предавачи согласно критериумите предвидени во новиот Закон за Академија. Покрај тоа, на предлог на Програмскиот совет на Академијата беа утврдени програма за полагање завршен испит во почетната обука и специјализирана програма за обука на судии поротници.

Во рамките на своите надлежности а во насока на имплементација на новиот Закон за Академија, Управниот одбор формираше нова Комисија за завршен испит, Комисија за приемен испит, Комисија за верификација на прашањата за испит за директор.

Во текот на 2015 година Управниот одбор ја следеше состојбата во врска со подготовките за прием на нова генерација слушатели на почетна обука и редовно беше информиран за активностите иницирани од директорот, насочени кон привлекување квалификувани кандидати, како и за сите тековни активности поврзани со навремена подготовка и успешно спроведување на постапката за сите испити, како и за сите дејности, донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност, разгледуваше понуди за проекти и даваше насоки за соработка со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство. Во почетокот на ноември, Управниот одбор донесе одлука за објавување јавен оглас за прием на VI генерација

слушатели на почетна обука.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата го следи реализирањето на програмите за обука, нивната ефикасност и успешност, дава мислење за листата на предавачи и континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, наставните методологии и техниките во соработка со предавачите, менторите, директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2015 година, постапувајќи во рамките на своите надлежности предвидени со новиот Закон и со Статутот, Програмскиот совет одржа седници со кои претседаваше директорот и на кои даде насоки и ги утврди: Предлогот на Програмата за полагање на завршен испит во почетна обука и Предлогот на Програмата за практицирање на судиската / јавнообвинителската функција, како и специјализираната програма за обука на судиите поротници, и ја одобри новата листа на предавачи, кои ги исполнуваат условите согласно новиот Закон за Академијата.

Во рамките на новата надлежност предвидена со новиот Закон за Академијата, Програмскиот совет работеше на верификација на базите на прашања и базите на студии на случаи за спроведување на приемниот и завршниот испит во Академијата, претходно изготвени од страна на предавачите определени од Управниот одбор на Академијата.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмата за работа на директорот, усвоена од Управниот одбор на Академијата, беше во целост спроведена во соработка со стручната служба. Како дел од редовните работни активности, во рамките на низата советувања, тркалезни маси, обуки и конференции кои беа организирани во периодот од јануари до декември 2015 година, во соработка со домашни и странски/меѓународни релеванти институции и проекти, на која учествуваа и излагаа национални и странски експерти, директорот имаше вкупно 22 поздравни и тематски обраќања.

Во својство на предавач, директорот на Академијата излагаше на повеќе актуелни теми посветени на одредени новини во законодавството на Република Македонија кои се однесуваа на новиот ЗКП, корупцијата, судирот на интереси, судската пракса на Европскиот суд за човекови права, со осврт на одделни членови од Европската конвенција за човекови права, етиката и етичкиот кодекс, антикорупциските мерки, слободата на изразување, криминалот од омраза, семејно насилство и т.н. Промовираше и неколку публикации, прирачници, збирки на документи и преводи на пресуди на ЕСЧП во соработка со УНДП и UN Woman, ОБСЕ и ССЕС, како и Регионалната датабаза на судската пракса на Европскиот Суд за човекови права, на јазиците на

државите од регионот, релевантна за државите од Југоисточна Европа, поддржана од AIRE Центарот од Лондон.

Директорот оствари работни состаноци со претставници на многубројни домашни и меѓународни институции, амбасади и проекти, евалуатори на проекти, со цел договарање и успешна реализација на проекти, размена на искуства, предавачи, организирање студиски посети и издавање публикации, односно со цел продлабочување на домашната и меѓународната соработка со правосудствата на голем број на држави.

Во правец на промовирање на работата и активностите на Академијата, со цел за регуритирање на најдобрите студиенти на правните факултети и со цел за привлекување на поголем број на кандидати за почетната обука, директорот, одржа повеќе предавања на правните факултети, склучи Меморандуми за соработка со Државниот универзитет во Штип и Универзитетот Американ Колеџ во Скопје, а во соработка со стручната служба, одржа промотивни средби со стручните соработници и советниците и другите потенцијални кандидати во подрачјето на четирите апелационите судови.

Во рамките на редовните работни активности, во ГРЕКО Комитетот при Совет на Европа, во својство на претставник на Република Македонија, директорот на Академијата, присуствуваше на 67-70- та Пленарни состаноци и во таа насока, во соработка со сите релевантни институци, особено Министерството за правда, правосудството и ДКСК ги реализираше активностите во правец на имплементација на обврските, зададени на Република Македонија, во Четвртиот Круг на Оценка на ГРЕКО.

Со цел поголема промоција на работата на ГРЕКО Комитетот, а во насока на спроведување на ефикасна борба против корупцијата во земјата, директорот одржа низа предавања на конференции одржани од Академијата, но и на покана на ДКСК, Собранието на РМ, каде ги презентираше сите акутелности поврзани со оваа тема, а воедно, дел од позначајните документи кои произлегоа од состаноците на ГРЕКО беа преведени на македонски јазик и објавени на Веб страната на Академијата.

Исто така, во период од 5 и 6 мај 2015 година, директорот присуствуваше на семинарот „Мерење на резултатите и ефектите од обуките –предизвици за соодветна евалуација и оценка на реакторно ниво” во Загреб, Хрватска. Целта на семинарот беше да се понудат најдобрите практики во однос на евалуацијата и оценките од спроведените обуки за судиите и јавните обвинители, а заради воведување на ваква методологија за оценка на ефикасноста на обуките. Во насока на продлабочување на регионалната соработка, директорот учествуваше на заедничката средба на директори на академиите од регионот (Белград, март 2015), на кои се разговараше за потребата од продлабочување на соработката во делот на изработка на заеднички наставни планови во обуки од клучно значење а тоа за етика, судискиот интегритет, примена на одделни членови на ЕКЧП и примена на праксата на ЕСЧП, размена на најдобрите предавачи во одделни области. Директорот во рамките на подготовка на новиот проект со Амбасадата на Велика Британија за Подршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем, беше дел од делегацијата на претставници од правосудството, на студиска посета во Лондон. Овој проект е од суштинско значење за Академијата, кон развиваање на вештините на судиите за правна аргументација и за референирање на одлуките на ЕСЧП во домашните судски одлуки и развој на наставни програми во тој правец.

За извештајниот период, во насока на поголема транспарентност во работењето, директорот имаше две интервјуа за порталот „Академик”, за Македонската новинска агенција (МИА) и постојаниот дописник на МИА од Советот на Европа.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2015 година донесе бројни одлуки согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, Законот за државни службеници, Законот за извршување на буџетот на РМ, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и други одлуки што произлегуваа од потребите за непречено одвивање на дејноста на Академијата.

Во 2015 година, директорот во својство на член на работната група формирана од министерот за правда при Владата на РМ, за подготовка на измените на Законот за спречување на корупцијата, координираше со работната група во делот на подготовка на новиот Закон за укажувачите согласно обврските кои произлегуваат од Планот на Прибе. Како шеф на делегацијата на ГРЕКО, беше дел од работната група на Државната комисија за спречување на корупцијата на РМ, за подготовка на новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и намалување на појавата на судир на интереси во делот на реформите на судството и имплементација на препораките од Четвртиот круг на оценка на ГРЕКО, во однос на судиите, а воедно учествуваше и на работните состаноци, во однос на делот на унапредувањето на етиката и интегритетот.

Директорот активно учествуваше во работните групи за судството и за казнено-правен систем, кои беа формирани за подготовка на Стратегијата за реформа на правосудниот систем. Воедно активно учествуваше во сите работни активности во врска со подготовката и реализацијата на Планот на активности на Владата на Република Македонија подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (согласно Извештајот на Рајнхард Прибе). Согласно тој план во однос на Академијата беше предвидена реализација на неколку активности кои се однесуваат на организирање на обуки наменети за судиите и јавните обвинители посветени на судската етика и интегритет, обуки за обучувачи, како и развој на методологија за оценка на обуките со ангажман на странски правен експерт, вклучително и размена на искуства и компаративна пракса преку организирање на студиски посети на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Воедно, директорот работеше на реализација на ИПА 2010 проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“ со клучните луѓе од ИПА 2010 проектот, во правец на зајакнување на независноста, одговорноста, професионалноста и ефикасноста на судството преку реализација на под- компонентите 1, 2 ,4 и 5 кои се однесуваат на Академијата, во чии рамки беа реализирани две обуки на тема„Етика и интегритет на судиите за справување со притисоци“, две базични обуки и две напредни на обучувачи за предавачите во почетна и континуирана обука, беше отпочната фазата за развој на новата методолигја за оценка, а исто така, активно учествуваше во изработката на новите наставни програми и работни материјали.

Директорот на Академијата, учествуваше на иницијалниот состанок во насока на успешна имплементација на регионалниот проект за “Правна заштита од дискриминација во Југоисточна Европа“ кој го спроведува ГИЗ, а Академијата како

имплементирачки партнер активно ќе учествува во неговата целокупна реализација. Во рамките на Проектот кој трае се до август 2016 година, предвидено е да се спроведе сеопфатено истражување и анализа на состојбите со законската и институционалната заштита од дискриминација во земјите од Југоисточна Европа.

## IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

**ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Во Академијата функционираат следните организациони единици:

1. Сектор за обуки
   1.1 Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција
   1.2 Одделение за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со сретствата од ИПА

2. Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси
   2.1. Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
   2.2 Одделение за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање

3. Одделение за финансиски прашања

И во текот на 2015 година, стручната служба на Академијата професионално ги извршуваше сите активности и задачи неопходни за нејзино непречено функционирање, со што даде свој голем придонес во остварувањето на предвидените цели од сите сегменти на нејзиното работење и институционално зацврстување во рамките на целокупниот правосуден систем. Стручната служба навремено и квалитетно ги извршуваше сите работни задачи и активности кои произлегуваат од делокругот на нејзиното работење, даваше поддршка во остварувањето на надлежностите на органите и телата на Академијата, остваруваше соработка со предавачите и менторите како носители на едукативниот процес и изготвување на испитите, и остваруваше ефикасна деловна коресподенција со други органи и институции. Навремено беа извршени сите обврски и приоритети произлезени од прописите за работни односи, јавните набавки, буџетот и други активности со кои се придонесе да се остварат зацртаните цели во работењето.

Покрај тоа, вработените во стручната служба преку своето активно учество во организација и реализација на обуките, низ непосредните контакти со предавачите, менторите и учесниците на обуките, ја осознаа значајноста и корисноста на обуките, а

следствено на тоа, сè повеќе се зајакнуваше нивната улога на предлагачи и креатори на програмите за идните обуки.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ**

Во насока на професионално надградување и стручно и ефикасно работење, во текот на 2015 година вработените присуствуваа на повеќе обуки наменети за административни службеници, организирани од Министерството за информатичко општетсво и администрација и тоа на следните теми:

- 10-11 септември 2015 година - ,,Основи на Европската унија’’
- 20 април 2015 година и 13 мај 2015 година - ,,Обука за менторство’’
- 17 декември 2015 година - ,,Постапка за стручно усовршување на административните службеници’’
- 16 септември 2015 година - ,,Антикорупциски мерки и етика во администрацијата’’
- 24 декември 2015 година - ,,Систем на управување со учење’’
- 09 јули 2015 година - ,,Користење на Информациониот систем за управување со човечки ресурси’’

Покрај тоа, претставник од стручната служба и член на Работна група за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права, присуствуваше на работилница на тема „Унапредување на координативните механизми за следење и оценување на реформите во правосудниот сектор“, организирана од Министерството за правда, Асоцијацијата за развојни иницијативи „Зенит“ и Фондацијата Конрад Аденауер.

Во насока на континуирано стручно усовршување на вработените во Академијата, на крајот на годината беше донесена Годишна програма за обуки на административните службеници за 2016 година, со цел понатамошен развој, надградување и унапредување на знаењата на вработените, а согласно Генеричкиот план за обуки за 2016 година изготвен од Министерството за информатичко општетсво и администрација.

**УЧЕСТВО НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ**

Вработените во стручната служба, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, зедоа активно учество во својство на членови на Работна група за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права (координатор – Министерство за правда) и на Работна група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државен завод за индустриска сопственост);

Во рамките на проектот за изработка на Стратегија со Акциски план за реформа на правосудниот испит, што се спроведува со поддршка на Европската комисија, од

страна на министерот за правда при Владата на РМ беа формирани 7 тематски работни групи, при што во 4 од нив се вклучени претставници на Академијата, и тоа директорот член на работните групи за судство и казнено-правен систем, раководителот на административниот сектор е член на работната група секторска политика и имплементација на правото на ЕУ, додека 1 претставник на стручната служба (информатичар) и 1 предавач на Академијата за областа ИТ-технологии се членови на работната група ИТ и Е-правда.

Исто така, од страна на министерот за правда беше формирана и работната група за подготвување на измените и дополнувањата на пакетот закони за судството, во која како членови беа вклучени директорот и раководителот на административниот сектор.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2015 година Академијата реализираше 2 нови вработувања на административни службеници на работно место помлад соработник, а врз основа на Законот за трансформација во редовен работен однос, во текот на годината беше добиена финансиска согласност за трансформација на волонтерскиот договор на 1 волонтер во редовен работен однос и тоа од септември 2016 година.

Заедно со новореализираните вработувања, во текот на 2015 година, покрај директорот беа ангажирани вкупно:

- 16 административни службеници;
- 2 работници;
- 1 волонтер и
- 1 ангажиран со договор на дело.

Од 5-та генерација почетна обука за 2013/2015 година, 13 слушатели на почетната обука имаат засновано работен однос на определено време за периодот за спроведување на почетната обука, како и за периодот по завршувањето на почетната обука сè до изборот на кандидатот за судија или јавен обвинител, за судија во основен суд, односно за јавен обвинител во основното јавно обвинителство.

## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

**Петта генерација слушатели на почетната обука 2013/2015 – вкупно 13 слушатели**

- **Практична настава**

**Практичната настава** за петтата генерација слушатели на почетната обука започна на 15 септември 2014 година, се спроведуваше во траење од 15 месеци и заврши во ноември 2015 година.

Согласно определбата на слушателите на почетната обука, петмина ја следеа наставата во основните судови во Скопје и во Велес, а осуммина во основните јавни обвинителства во Скопје, Струмица, Битола и во Гостивар, согласно нивното живеалиште.

За реализирање на практичната настава се ангажирани вкупно 64 ментори, од кои 7 судии од апелациските судови, 38 судии од основните судови, 8 јавни обвинители од вишите јавни обвинителства и 11 јавни обвинители од основните јавни обвинителства.




Согласно Програмата за почетна обука–практична настава, менторството за слушателите определени за судии се одвиваше на следниот начин:

- 10 месеци во основните судови (5 во граѓанска област и 5 во кривична област),
- 3 месеци во апелациските судови (1,5 месец во граѓанска област и 1,5 месец во кривична област),
- 1 месец во основните јавни обвинителства.

Менторството за слушателите определени за јавни обвинители се одвиваше на следниот начин:

- 10 месеци во основните јавни обвинителства,
- 1 месец во вишите јавни обвинителства,
- 2 месеца во основните судови (1 месец во граѓанска област и 1 месец во кривична област),
- 1 месец во Министерството за внатрешни работи (полиција).

Практичната настава се спроведуваше преку следниве методи и техники:

– присуство на судски расправи што ги води менторот, или друг судија;
– изготвување судски нацрт-одлуки, нацрт-обвиненија и други процесни акти;
– присуство на испитување на осомничени и сведоци кај јавниот обвинител и на главна расправа;
– присуство на истражни дејствија преземени од јавниот обвинител и преземање истражни дејствија под контрола на менторот – јавен обвинител;
– присуство при преземање на надлежностите на судијата за претходна постапка;
– присуство при одлучување на судијата/советот за испитување на обвинение;
– присуство и учество при спогодување;
– учество во симулирани судења;
– учество на студиски посети и обуки во странство.

Согласно Правилникот за практична настава, слушателите на почетната обука во текот на практичната настава имаа задолжителни активности што се оценуваат и што не се оценуваат. Во задолжителните активности што се оценуваа спаѓаа изработката на граѓански и кривични пресуди, обвинителни акти, предлог-спогодби и решенија за отфрлање кривични пријави, како и реализација на симулирани судења во улога на граѓански и кривичен судија и јавен обвинител. Согласно ова, реализирани се вкупно 130 симулирани судења, од кои 25 во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка, 25 во улога на судија на главна расправа во кривична постапка и 80 во улога на јавен обвинител на главна расправа. Слушателите определени за судии имаа обврска да реализираат по 5 симулирани судења во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка и 5 симулирани судења во улога на судија на главна расправа во кривична постапка, додека слушателите определени за јавни обвинители имаа обврска да реализираат по 10 симулирани судења во улога на јавен обвинител на главна расправа. Слушателите определени за судии имаа обврска да изработат по 5 кривични пресуди и 5 граѓански пресуди, додека слушателите определени за јавни обвинители имаа обврска да изработат 5 обвинителни акти, 2 предлог спогодби и 3 решенија за отфрлање на кривични пријави. Согласно ова, изработени се вкупно 25 кривични пресуди, 25 граѓански пресуди, 40 обвинителни акти, 16 предлог спогодби и 24 решенија за отфрлање на кривични пријави.

По завршувањето на практичната настава, на 13 ноември 2015 година, со цел за полесна подготовка на слушателите за полагањето на завршниот испит, се одржа советување на кое слушателите заедно со едукатори од Академијата, кои учествувале во подготовка на студиите на случај, решаваа студии на случај од граѓански и кривични судски предмети.

❖ **Завршен испит**

Завршниот испит за слушателите на почетната обука од петтата генерација се спроведе согласно Програма за полагање на завршен испит утврдена од Управниот одбор на Академијата на седница одржана на 20 јули 2015 година и согласно Правилник за полагање на завршен испит објавен во Службен весник на РМ бр. 77 од 12.05.2015 година. Согласно новодонесениот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр. 20 од 20.02.2015 година) завршниот испит се состоеше од практичен (писмен) и устен дел. Студиите на случај, прашањата за секој од предметите и усните прашања беа подготвени од предавачите на Академијата

Управниот одбор на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, врз основа на предлозите на надлежните институции со одлука ја конституираше Комисијата за завршен испит.

На 18 декември 2015 година во просториите на ASSECO Испитниот центар, се одржа полагањето на писмениот практичен дел од завршниот испит. Испитот се полагаше во просторија за полагање на испитот, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето. Полагањето на испитот се снимаше и во живо се емитуваше на веб страницата на Академијата. Писмениот практичен дел се полагаше по електронски пат со решавање на две студии на случај. Секоја студија на случај се решаваше со нејзино проучување и одговарање на осум прашања, што произлегуваат од студијата, со понудени десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични со точниот, а неточни и четири се различни од точниот, а неточни. Изборот на студиите на случај се изврши по електронски пат на начин што секој слушател се најави со пристапен код на електронскиот систем и софтверот на електронскиот систем по случаен избор определи од базата на студии на случај по еден кривичен и еден граѓански предмет, односно по два кривични предмети.

Усниот дел од завршниот дел беше спроведен во текот на два дена и тоа на 22 и 24 декември 2015 година. Изборот на усните прашања за секој слушател се вршеше по електронски пат на начин што слушателот се најавуваше со пристапен код на електронскиот систем при што софтверот на електронскиот систем по случаен избор определува четири прашања за слушателот. Оценувањето на одговорите на прашањата од усниот дел се вршеше врз основа на прецизноста и точноста на одговорите на поставените прашања, како и врз основа на способноста за изразување, за презентација на аргументите, за аналитичко и критичко мислење. Секој член на Комисијата индивидуално ги оценуваше одговорите на прашањата дадени од секој слушател во текот на усниот дел, за што се пополнуваше испитен протокол во кој се внесуваа добиените бодови за секој слушател.

Веднаш по завршување на усниот дел од испитот, Комисијата на 24 декември 2015 година го утврди вкупниот резултат од завршниот испит за секој кандидат одделно.

По усвојувањето на Извештајот за текот на спроведувањето на завршниот испит од страна на Управниот одбор, Комисијата за објави прелиминарната ранг листа од полагањето на завршниот испит на 25 декември 2015, а постапката е сеуште во тек.

❖ **Практицирање на судиската и јавнообвинителската функција**

Согласно Програмата за практицирање на судиската / јавнообвинителската функција и Правилникот за практицирање на судиската / јавнообвинителската функција, усвоени од Управниот одбор на Академијата на седница одржана на 21 декември 2015 година, од 28 декември 2015 година започна практицирањето на судиската односно јаавнообвинителската функција за слушателите на почетната обука. За време на практицирањето кандидатите ќе работат под менторство на судија односно јавен обвинител кој го определува претседателот на судот односно јавниот обвинител на обвинителството во координација со Академијата. Слушателите практицирањето ќе го вршат во првостепениот суд, односно јавно обвинителство каде што ја изведувале втората фаза од почетната обука во зависност од тоа дали се стекнале со статус на кандидат за судија или кандидат за јавен обвинител. Програмската содржина на практицирањето ќе зависи од стекнатиот статус на кандидат за судија или јавен обвинител и ќе се изведува во програмски циклуси и ќе трае до нивниот избор за судија или јавен обвинител.

❖ **Прием на слушатели на почетна обука за 2016/2018 година – вкупно 30 слушатели**

Академијата го објави јавниот оглас за прием на 30 слушатели на почетната обука во академската 2015 / 2017 година во Службен весник на РМ бр. 195 на 9 ноември 2015 година со рок на пријавување од 15 дена, а Управниот одбор, на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, врз основа на предлозите на надлежните институции со одлука ја конституираше Комисијата за приемен испит.

На јавниот оглас се пријавија вкупно 83 кандидати од кои со одлука на Комисијата за навремени и потполни беа оценети пријавите на вкупно 64 кандидати и истите електронски ќе го полагаат квалификацискиот тест на 27 јануари 2016 година.

Полагањето на приемниот испит ќе се спроведува согласно Програма за полагање на приемен испит и согласно Правилник за полагање на приемен испит објавен во Службен весник на РМ бр. 77 од 12.05.2015 година како и Правилник за измени и дополнување на Правилникот за полагање на приемниот испит објавен во Службен весник на РМ бр. 195 од 9.11.2015 година.

Во законски предвидениот рок од 45 дена од денот на одржувањето на квалификацискиот тест, Академијата организираше подготвителна настава за сите пријавени лица за прием во почетна обука. На оваа подготвителна настава која се одржа на 30 ноември 2015 заинтересираните кандидати електронски полагаа квалификациски тест и практичниот (писмен) дел од испитот.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и Годишниот каталог на активности за 2015 година.

Фокусот и оваа година беше ставен на најважните области на правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската практика. Областите и темите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) налагаат обврска за навно обработување, па така беа одржани обуки за Законот за парнична постапка, Кривичниот законик и на новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, етика и судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, особено чл. 10, одделни области од правото на ЕУ, обуки од областа на Правото на интелектуална сопственост итн.Новина претставуваат интензивините обуки за правна аргументација на одлуките за притвор, како и за правна аргументација и образложение на одлуките во кривичната и граѓанската материја.

Обуките кај кои темата тоа го дозволува, се одржуваат мултитидисциплинарно, со интердисциплинарен состав на предавачите и на учесниците.

Во зависност од потребите на целните групи, соодветен број обуки од граѓанска и кривична област се одржуваат децентрализирано.

Оваа година се посвети особено внимание на подобрување на квалитетот на обуките преку акцентирање на практичниот аспект на наставата, подобрување на наставните материјали и со поголемо вклучување на судиите и обвинителите од повисоките инстанции.

### <u>БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2015 ГОДИНА</u>

Во периодот од 1 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година во организација на Академијата се реализирани вкупно 267 обуки, со учество на 5888 учесници, од кои 2814 беа судии, 1014 јавни обвинители, 1468 стручен соработник од судовите и обвинителствата и 592 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.




### <u>СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ</u>

**Во 2015 година има вкупно 5888 учесници, од кои**




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 267 обуки во извештајниот период, 146 обуки се во самостојна организација на Академијата, додека 121 обуки Академијата ги организира во соработка и делумно или целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 72 се од областа на граѓанското право, 109 од областа на кривичното право, 12 од областа на управното право, 9 од областа на трговското право и 52 обуки беа посветени на општи теми. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2015 година беа ангажирани вкупно 234 предавачи, од кои 138 домашни експерти и 96 странски експерти.




Од домашните експерти кои во текот на 2015 година зеле учество во својство на предавачи на обуките 40 се судии, 17 се јавни обвинители и 81 се други експерти, согласно областите што беа опфатени со обуките.




Во 2015 година продолжи ангажирањето на експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од други држави од највисоките инстанции, судии на врховните судови, уставните судови, државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се на листата со постојани предавачи, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки согласно НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 179 беа одржани во Скопје, 29 во Битола, 21 во Штип, 14 обуки во Гостивар, додека останатите 34 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија.



# КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

## ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Во периодот од 1 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година во организација на Академијата се реализирани 5 обуки за имплементација на ЗПП, наменети за судиите-поротници и судските службеници, и тоа:

- 2 обуки за судски службеници со учество на вкупно 57 учесници од сите апелациони подрачја и

- 3 обуки со учество на вкупно 45 судии-поротници од кои 19 судии-поротници од апелационо подрачје Скопје, 10 судии-поротници од апелационо подрачје Битола, 16 судии-поротници од апелационо подрачје Гостивар.

За судиите од граѓанските оддели на судовите, Проектот на УСАИД за јакнење на судството и Врховниот суд на РМ, во соработка со Академијата реализираа советувања на тема „Имплементација на ЗПП“ и тоа:

- 6 обуки за судии од граѓанските оддели со учество на 218 учесници од сите апелациони подрачја

## ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Правната канцеларија на INL програмата при Амбасадата на САД во РМ, уште со донесување на новиот Закон за кривична постапка ги започна активностите за подготовка на судиите, јавните обвинители и претставниците на правосудната полиција за практична имплементација на Законот. Во текот на изминатите години беа спроведени основни а потоа и напредни обуки со кои беа опфатени наведените целни групи, а со оглед на тоа дека ЗКП се применува скоро 2 години, врз основа на забелешките и оценетите прашалници од обуките кои се одржаа изминатите години, програмата за обуки за новиот ЗКП предвидена за 2015 година беше изготвена во насока на селектирање на одредени теми од примената на новиот ЗКП.

Во 2015 година, со партнерите беше усвоена одлука за нов концепт на обуките за ЗКП, односно истите да се организираат посебно за судии и посебно за јавни обвинители, затоа што овие целни групи се соочуваат со специфични проблеми и прашања.

Поради потребата од понатамошно усовршување на вештините особено новите институти на техники на испитување, продолжи одржувањето на обуките и во 2015 година, за која цел беа ангажирани меѓународните експерти кои имаат работено во рамки на таквиот систем и можеа да понудат искуство кое ќе биде исклучително важно.

Во рамки на наведената соработка, <u>во периодот **мај-јуни 2015 година** беа спроведени вкупно **8 дводневни обуки за новиот ЗКП, од кои 4 за судиите и 4 за**</u>

**јавните обвинители** од сите апелациони подрачја, а со овие обуки беа опфатени сите судии и јавни обвинители кои во текот на 2014 година не ги поминале сите 4 модули. На обуките **присуствуваа вкупно 171 учесник од кои 79 јавни обвинители, 87 судии и 5 судски и јавнообвинителски службеници**. Овие обуки беа спроведени од видни домашни и меѓународни експерти кои овозможија размена на искуства, лоцирање на практичните проблеми од примената на ооделни законски одредби од новиот ЗКП, со надеж за изнаоѓање на решение за постоечките дилеми при примената на новиот ЗКП.

Во соработка со ИПА 2009 проектот за Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично-правниот систем , Академијата одржа **3 тркалезни маси** на тема ,,**Примена на Законот за кривична постапка-досегашните искуства и пракса, со осврт на ,,Претходната постапка'', ,,Обвинителен акт и оцена, права на одбраната за прибирање докази, спогодба'' и ,, Расправа за усогласеноста на Законот со Европската конвенција за човекови права''**, со учество на судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите апелациони подрачја, стручни соработници и советници од судовите и јавните обвинителства, адвокати, како и претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа на Република Македонија. Целта на овие тркалезни маси беше да се изложат досегашните искуства во однос на примената на Законот за кривична постапка, да бидат лоцирани практичните проблеми од примената на пооделни законски одредби и да се дадат предлози за евентуални измени и дополнувања на Законот.




- **ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА (СУДСКИ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИ СЛУЖБЕНИЦИ)**

Во периодот од 1 јуни 2015 година до 31 јули 2015 година во самостојна организација, беа реализирани 10 дводневни обуки по апелациони подрачја Битола, Гостивар, Скопје и Штип на тема: „**Напредна обука за новиот Закон за кривична постапка**“.

Тематските обуки беа наменети за стручните судски и јавнообвинителски службеници од кривичнте оддели и присуствуваа вкупно 223 учесници од коишто 146 судски службеници и 77 јавнообвинителски службеници.




➢ **<u>ЗАКОН ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА</u>**

Со цел да се обезбеди непречено остварување на процесот на реформирање на казнено правниот систем на РМ, на 29.12.2014 година се донесе Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник бр.199 од 30.12.2014 година) кој со своја практична примена започна на 07.07.2015 година.

Имајќи го во предвид фактот дека е ова нов закон со кој за прв пат се воведуваат објективни критериуми за одредување и одмерување на видот и висината на казната, почитувајќи го притоа и стандардот на докажување "вон секакво разумно сомневање", несомнено се наметна потребата од спроведување на практични обуки за судиите и јавните обвинители со цел да се обезбеди негова успешна примена.

За таа цел, Академијата, во соработка и финансиски поддржана од Правната канцеларија на INL програмата при Амбасадата на САД во РМ, првично организираа пилот обука за обучувачи, а од 06.03.2015 година се започна со реализација на обуките, кои имаа задолжителен каратер, при што, согласно постигнатиот договор, обуките се спроведуваа посебно за судии, а посебно за јавните обвинители од страна на избрани едукатори, врз основа на претходно утврдена временска динамика.

Согласно годишниот план на обуки, во периодот од март-јули 2015 година беа спроведени вкупно **15 дводневни обуки** за новиот Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната, од кои **8 за судии и 7 за јавни обвинители**. На обуките **<u>присуствуваа вкупно 374 учесници од кои 160 јавни обвинители, 190 судии и 24 судски и јавнообвинителски службеници</u>**. Во текот на обуките забележителен беше активниот однос и интерес на учесниците, особено во однос на прашањата кои се однесуваа на практичната примена на овој закон.

Имајќи ги во предвид посочените теми, излагањето на предавачите и интересот на учесниците, овие обуки беа успешно реализирани. Во таа насока учесниците имаа можност да се запознаат со законските решенија на Новиот Закон, пристапот во примената на законските решенија и работните листови приложени кон Законот, при определувањето на висината на казната, со елаборирање и образлагање на отежителните и олеснителните околности кои постојат на страна на сторителот на кривичното дело. По спроведените вежби учесниците како и предавачите се согласија дека со законските решенија се постигнува воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните од страна на судовите во РМ преку пропишување објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на казната, преку објективна

категоризација на кривичното дело и поранешниот живот на сторителот на кривичното дело, конкретно предвидени во самиот Закон.

- **СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА ЗА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД И ЗА УПРАВНИОТ СУД**

Судиите и стручната служба на Вишиот управен суд и на Управниот суд присуствуваат на обуки приспособени за нивните потреби, со можност за учество и на други обуки на кои се разработуваат теми од интерес за управното судство. Во текот на 2015 година самостојно или во соработка со домашни и странски партнери беа организирани вкупно 12 настани на следните теми: Капитално финансирано пензиско осигурување; Царински долг со посебен осврт на каматата кај царинските долгови; Даночно право: данок на добивка и данок на имот; Забрана на договори за цените и размена на осетливи информации; Член 6 од ЕКЧП – Судење во разумен рок; Закон за социјална заштита; Примена на Законите во надлежност на Министерство за образование; Медијација, спогодби и договори во административните процедури и управната постапка; Примена на Правото на ЕУ во РМ во претпристапниот период; Примена на Закон за здравствено осигурување; Примена на Законот за катастар на недвижности со посебен осврт на брисовните тужби; Правото и праксата во заштита на бегалците.

- **ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

Во текот на 2015 година Академијата, согласно обврските од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), продолжи со континуирана едукација на судиите и на јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата од интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст, Академијата самостојно или во соработка со државни органи и институции вклучени во системот на заштита на правата од интелектуална сопственост како и странски партнери реализираше 5 обуки посветени на градење однос кон правата од интелектуална сопственост и различните аспекти на нивна граѓанско правна и кривично правна заштита, со учество на вкупно 130 учесници од кои 84 учесници од правосудството на Република Македонија (56 судии, 18 јавни обвинители и 10 стручни соработници во судовите и обвинителствата) и 46 учесници од релевантни институции – Министерство за правда, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Државен пазарен инспекторат, Државен завод за индустриска сопственост како и адвокати, застапници за правата од индустриска сопственост.

- **ОБУКИ ЗА ПОТКУП, КОНФИСКАЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА**

Во текот на 2015 година во самостојна организација на Академијата одржано е 1 советување на тема „Конфискација, проширена конфискација / Противправно стекнување на имот“, наменето за судии од кривични оддели и јавни обвинители од сите апелациони подрачја и претставници на Агенцијата за управување со одземен имот.

Во соработка со ИРЗ организирано е советување на тема „Закон за јавни набавки со посебно тежиште на борбата против корупција“, наменето за судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја и одговорни лица за јавните набавки во судовите и обвинителствата.

Со финансиска поддршка на TAIEX одржана беше Регионална конференција за превенција на корупцијата во правосудството. На регионалната конференција учество земаа судии, јавни обвинители и претставници од Правосудните Академии од земјите од регионот - Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Турција и Македонија, претставници на Министерството за правда и на Државната комисија за спречување корупција. Како предавачи ангажирани беа врвни експерти од областа на корупцијата. Регионалната конференција претставуваше можност да се разменат искуства во однос на мерките кои државите ги преземаат со цел зајакнување на судскиот интегритет, како и можност за изнаоѓање заеднички решенија за зајакнување на превентивните механизми за борба против корупција.

- **ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

Следејќи ги препораките на ГРЕКО, во однос на четвртиот круг на евалуација што се однесува на превенција на корупција на пратениците, судиите, јавни обвинители и судиите поротници, Академијата во 2015 година во соработка со ДКСК, организираше 4 обуки за судиите и јавните обвинители, 4 обуки за судиите-поротници, на теми поврзани со етика, етичко однесување, спречување судир на интереси и антикорупциски мерки, како и 4 обуки за судските и јавнообвинителски службеници и 1 обука за судска полиција и тоа:

- 4 обуки за судии и јавни обвинители на тема „Етика/Судир на интереси“, на која учествувале вкупно 93 учесници од сите апелациони подрачја од кои 76 се судии а 17 јавни обвинители;

- 4 обуки за судиите-поротници на тема „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, на која учествувале вкуно 77 судии-поротници од сите апелациони подрачја, од кои од 33 судии-поротници беа од апелационо подрачје Скопје, 22 судии-поротници од апелационо подрачје Гостивар, 13 судии-поротници од апелационо подрачје Битола и 9 судии-поротници од апелационо подрачје Штип;

- 4 обуки за судски и јавнообвинителски службеници на тема „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“ на која учествувале

вкупно 99 учесници од сите апелациони подрачја од кои 75 се судски службеници а 24 јавнообвинителски; и

- 1 обука за судска полиција на тема „Етика и етички кодекс“ на која учествувале вкупно 24 учесници од сите апелациони подрачја;

- **<u>ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА</u>**

За доследна примена на Европската Конвенција за човекови права, во текот на 2015 година Академијата организираше вкупно 14 настани посветени на Конвенцијата, на следните теми:

- Слободата на изразување и правото на приватност (член 10 и член 8 од ЕКЧП) / Примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета – одржани беа 4 советувања;

- Воведна обука за користење на датабази на Европската судска пракса за човекови права;

- Член 6 од ЕКЧП – Судење во разумен рок;

- Примена на Член 3 од ЕКЧП;

- Практична примена на членовите 2, 3 и 5 од Европската Конвенција за човекови права;

- Член 6 и 13 од Европската конвенција за човекови права и слободи;

- Примена на јуриспруденцијата на ЕСЧП;

- Примена на член 8 и 14 од Европската конвенција за човекови права;

- Примена на судската пракса на ЕСЧП;

- Повторување на домашните кривични и парнични постапки по добиени пресуди од ЕСЧП и

- Почитување на правото на сопственост – член 1 од Протокол 1 на ЕКЧП.

- **<u>ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРАВО НА ЕУ</u>**

Обуки посветени на Правото на ЕУ се одржаа на следните теми: „Право на осигурување“; „Примена на Правото на ЕУ во Република Македонија во претпристапниот период“, оваа тема беше разработена на 4 советувања, кои се одржаа децентрализирано и „Слободното движење на Внатрешниот пазар на ЕУ“.

- **<u>СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА</u>**

Во рамките на Специјализиранаата програма за обука за претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства, во текот на 2015 година, во организација на Академијата, реализирани се две обуки за претседателите на судовите на следните теми: „Заштита на лични податоци / Слободен пристап до информации од јавен

карактер“ и „Лидерство и управување со суд“ и две обуки за јавните обвинители на јавните обвинителства на следните теми „Заштита на лични податоци / Слободен пристап до информации од јавен карактер“ и „Лидерство и управување со обвинителство“.

Во соработа со Комората на извршители, реализирани беа 4 тркалезни маса кои се одржаа по апелациони подрачја, на тема: „Судска заштита против неправилности при извршувањето“. Наменети беа за претседателите на судовите, судии од граѓански оддели и за извршители.

## ➢ ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ

Во текот на 2015 година во самостојна реализација на Академијата организирани се две обуки за обучувачите, додека во соработка со ИПА Проектот 2010 „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки“ организирани се два базични и една напредна обука за обучувачите.

## ➢ СУДИИ-ПОРОТНИЦИ

Исполнувајќи ја и законската обврска, согласно член 42 од Законот за судови, како и согласно Препораките на ГРЕКО во 4 от круг на оценка, судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука, организирана од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, организираше 11 обуки наменети за судиите-поротници со учество на вкупно 189 учесници и тоа на следните теми:

1. **„Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“** одржани се 4 обуки, со учество на вкупно 77 судии-поротници, од кои од 33 судии-поротници беа од апелационо подрачје Скопје, 22 судии-поротници од апелационо подрачје Гостивар, 13 судии-поротници од апелационо подрачје Битола, и 9 судии-поротници од апелационо подрачје Штип.
2. **„Имплементација на новиот ЗКП“** одржани се 4 обуки со учество на вкупно 67 судии-поротници од кои 33 судии-поротници беа од апелационо подрачје Скопје, 24 судии-поротници од апелационо подрачје Битола, 10 судии-поротници од апелационо подрачје Штип.
3. **„Имплементација на ЗПП“** одржани се 3 обуки со учество на вкупно 45 судии-поротници од кои 19 судии-поротници од апелационо подрачје Скопје, 10 судии-поротници од апелационо подрачје Битола, 16 судии-поротници од апелационо подрачје Гостивар.

## ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во текот на 2015 година Академијата продолжи со стручно усовршување на судските и јавнообвинителските службеници (согласно член 114 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители), кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и јавните обвинителства.

Обуките за судските и јавнообвинителските службеници опфаќаа разни целни групи, и тоа: стручната служба во судовите и обвинителствата, раководните службеници и стручно-административни работници како и судската полиција.

Согласно Програмата и Каталогот за обука на судските и јавнообвинителските службеници, во 2015 година спроведени се вкупно 22 обуки на следните теми:

- Достава на писмена по ЗПП и ЗКП
- Изработка на завршна сметка
- Пишување обвиненија
- Примена на Судскиот деловник
- Управување со предмети и време
- Имплементација на ЗПП
- Судир на интереси / Антикорупциски мерки / Етика и етички кодекс
- Техники на пишување на одлуки
- Закон за судска служба (систем на плати, награди, надоместоци, унапредување, оценување, дисциплинска постапка и систематизација)
- Права и обврски на портпаролските служби и начинот на комуникација со медиумите
- Заштита на лични податоци и слободен пристап до информации од јавен карактер
- Техничка презентација на постојаните кориснички апликации-
- Систем на електронска достава на судски документи, Казнена евиденција и АКМИС
- Примена на Законот за јавните набавки

## ОБУКИ ЗА СУДСКИ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Во периодот од 1 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година во организација на Академијата, реализирани се вкупно 22 обуки за судските и јавнообвинителските службеници, со учество на 608 учесници, од коишто 409 се судски службеници, 70 јавнообвинителски службеници, 35 информатичари, 30 портпароли, 43 офицери и 21 доставувач.



Академијата и во 2015 година ќе продолжи со организирањето на семинари и обуки од важност за администрацијата, се со цел да се зголеми квалитетот на работењето на судската и јавнообвинителската служба.

- **СУДСКА ПОЛИЦИЈА**

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година во организација на Академијата, реализирани се 2 обуки со учество на вкупно 53 судски полицајци на следните теми:

1. **„Судски деловник“** со учество на 29 учесници од сите апелациони подрачја и
2. **„Етика и етички кодекс“** со учество на 24 учесници од сите апелациони подрачја.

## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија, како и со странски партнери и проекти воспоставена на самиот почеток на функционирањето на Академијата, со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2015 година.

### ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2015 година, во делот на организација на настаните во континуираната обука, Академијата оствари соработка со Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита на конкуренција, Комора на извршители, Комора на стечајни управници, Министерство за економија, Судски совет на РМ, Министерство за правда, Централен регистар, Биро за извршување на санкции при МП, Македонско здружение на млади правници, Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, Комора на проценувачи на РМ.

Во рамките на соработката со Коморaта на извршители беа реализрани 4 настани на тема „Судска заштита против неправилности при извршувањето“, наменети за претседателите на судовите, кои се одржаа по апелациони подрачја, како и една обука на тема „Дисциплинска одговорност на извршителите“

Соработката со Комората на стечајни управници резултираше со одржување 2 советувања на тема „Практични искуства, судска пракса и правни проблеми во спроведување на стечајните постапки“ и 2 советувања на тема „Поднесување тужби заради утврдување на оспорени побарувања во стечајна постапка“

Во соработка со Министерство за економија, Судски совет на РМ, Министерство за правда и Централен регистар беа одржани 3 советувања на тема „Примена на

одредбите од Законот за стечај и Правилникот за начинот на избор на стечаен управник според методата на електронски избор“

Во соработка со Бирото за извршување на санкции при МП, а со финансиска поддршка на Советот на Европа се одржаа 3 советувања на тема „Јакнење на координацијата помеѓу внатрешните и надворешните тела за инспекција на затворите“

## СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2015 ГОДИНА

Воспоставената соработка продолжи и со странските партнери и проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање многубројни работилници, тркалезни маси, семинари:

- Амбасадата на Р. Франција и Правосудна академија на Р. Франција; Турска правосудна академија; Британска амбасада
- TAIEX Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија; Совет на Европа; HELP Програмата на Совет на Европа; Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото; Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; Европска банка за обнова и развој; ЕИПА; ГИЗ
- Амбасадата на САД во Република Македонија – ИНЛ; УСАИД Проектот за јакнење на судството; УНХЦР; ИПА Проекти; ВИНПРО; ИЦИТАП; WIPO, UNODC

### ➢ НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Планираните активности во рамки на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2015 се реализира преку настани посветени на антидискриминационото законодавство и концептот на еднаквост, криминалот од омраза, Законот за кривична постапка и Европската конвенција за човекови права.

Во делот за заштита и спречување дискриминација беа организирани следните настани: „Концепт на еднаквост и антидискриминација“ – 4 советувања одржани за разни апелациони подрачја; „Меѓународна и национална судска пракса во постапки за утврдување директна дискриминација“; „Товар на докажување во судските постапки за утврдување дискриминација“ и „Заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација“, во партнерство со ЛГБТ центарот во Скопје.

Циклусот обуки посветен на дискриминацијата беше заокружен со одржување промоција на две Публикации: Пресуди во врска со дискриминација од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија и Практикум на Законот за заштита и спречување од дискриминација.

Во делот на соработката посветен на криминалот од омраза беа организирани четири обуки за кривичните судии и јавни обвинители за секое апелационо подрачје одделно. По нивното завршување, се одржа Јавна расправа по предлог амандманите

на Кривичниот законик и други закони кои се однесуваат на кривичните дела од омраза. Во Будва, Црна Гора се одржа годишната средба посветена на криминал од омраза, на која Македонија како партнер на ОБСЕ во имплементација на портфолиото посветено на криминалот од омраза, беше поканета да учествува со свои претставници. Годишната средба се одржа со присуство на учесници од земјите од регионот.

Во делот посветен на ЕКЧП се одржаа 3 советувања за практична примена на член 2, 3, 5, 6, 8, 13 и 14 од Европската Конвенција за човекови права и едно советување за Примена на судската пракса на ЕСЧП.

Во соработка со ОБСЕ беа одржани и советувања на тема „Механизмот на уставната жалба“ и „Јакнење на владеењето на правото согласно кривично – правниот систем како одговор на тероризмот“

Во текот на месец јуни, Академијата во соработка со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) – Оддел за сузбивање на меѓународни закани одржа семинар на тема „Јакнење на владеењето на правото согласно кривично правниот систем како одговор на тероризмот“

Реализацијата на овој настан беше на иницијатива на ОБСЕ и Постојаниот претставник во ОБСЕ на Република Македонија, а во насока на имплементација на Стратегијата на Обединетите нации за борба против тероризмот и нивниот Акциски План.

Семинарот беше наменет за експертите од националните институции со надлежност во борбата против тероризмот. Истиот имаше за цел да придонесе кон понатамошно јакнење на кривично-правните механизми (во сообразност со владеењето на правото) за ефективно превенирање и борба против тероризмот, преку размена на информации, искуства и соодветни процедури и пракса. Покрај претставниците на националните институции, во улога на предавачи, на семинарот земаа учество и голем број јавни обвинители, претставници на надлежните министерства од државите-членки на ЕУ и САД, како и експерти на ООН, ОБСЕ и други меѓународни организации.

На семинарот присуствуваа 26 учесници од релевантни институции како што се Агенцијата за финансиско разузнавање, Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Финансиската полиција, Министерството за одбрана, Основно јавно обвинителство Скопје и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управата за јавни приходи.

- **<u>СОВЕТ НА ЕВРОПА И HELP ПРОГРАМА НА СОВЕТ НА ЕВРОПА</u>**

Соработката со Совет на Европа, и Управата за извршување на санкции, во текот на 2015 година продолжи со одржување 3 тркалезни маси на тема „Јакнење на координацијата помеѓу внатрешните и надворешните тела за инспекција на затворите“, во чија организација беше вклучено и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

По успешно реализирање на тркалезните маси, беше одржана завршна конференција на Проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица“, организирана од

Академијата, Делегацијата на Европската Унија, во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда на Република Македонија.

Соработката со HELP Програмата на Советот на Европа во текот на 2015 година резултираше со одржување Пилот обука за учење од далечина на тема „Семејно право и човекови права“. Обуката беше наменета за сите заинтересирани граѓански судии и адвокати и на неа учество земаа 25 претсваници на правосудството.

Оваа соработка е предвидено да продолжи и во текот на 2016 година, со одржување обука за учење од далечина на тема „Криминал од омраза“, наменета за судии од кривични оддели и јавни обвинители.

Исто така, Академијата во соработка со Совет на Европа и Македонското здружение на млади правници организираше советување на тема „Притворање на нерегуларни мигранти и баратели на азил“.

## ➢ **ПРОГРАМАТА ИНЛ (БИРО ЗА МЕЃУНАРОДНА БОРБА ПРОТИВ НАРКОТИЦИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ) ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Правната канцеларија на ИНЛ при Амбасадата на САД во Скопје во текот на 2015 година продолжи со поддршката на настани кои се однесуваат на реформите на кривичното законодавство. Особено е значајна поддршката во делот на обуките, во чии рамки беа одржани следните настани:

- Борбата против тероризмот: најдобри практики при истрага и гонење на случаи со учество во странски војски
- Конференција за борба против корупција: Најдобри практики во борбата против корупцијата во јавниот сектор

Преку амбасадата на САД во РМ, а во соработка со амбасадата на САД во Хрватска, Македонија зема учество во Регионалниот проект за изработка на регионална програма за одделни членови на ЕКЧП. Во рамките на овој проект се одржаа неколку работни состаноци во Дубровник, Хрватска, со присуство на учесници од земјите од регионот. Како резултат на тие состаноци, во текот на 2016 година се очекува да биде изработена програмата наменета за судии, јавни обвинители и претставници на МВР за препознавање во пракса на случаи во кои постои кршење на член 2,3,4,5, и 6 од ЕКЧП.

## ➢ **СОРАБОТКАТА СО ИЦИТАП**

Во рамките на извештајниот период Академијата, во соработка со програмата на одделот за правда ИЦИТАП Македонија, Канцеларијата на постојаниот правен советник INL при Амбасадата на САД во Скопје и Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења при МВР, организира втор циклус од 5 еднодневни работилници на тема ,,Форензичка анализа на спорни документи”. Работилниците беа наменети за обвинителите од сите апелациони подрачја кои присуствувале на работилниците од првиот циклус на еднодневните сесии на тема ,, Форензичка анализа

на ДНК''. На овие работилници присуствуваа вкупно 60 учесници од кои 49 јавни обвинители, а јавнообвинителски службеник и 10 претставници од Министерството за внатрешни работи.

## ➢ СОРАБОТКАТА СО УСАИД

Во рамките на Програмата за континуирана обука на судиите, во соработка со Проектот на УСАИД, беа организирани:

- 6 дводневни советувања за судиите од граѓанските оддели на тема „Имплементација на ЗПП"
- 1 дводневно советување за судиите од одделите за трговски спорови на тема: „Правното позиционирање на менаџерите согласно ЗТД /Ништовност на одлуки на собрание на акционери со судска пракса"
- 1 тридневна обука за судии и стручни соработници на тема „Односи со јавност и медиуми" и
- 1 дводневна работна средба за хармонизација на судската пракса на ниво на апелациони судови, наменета за судиите од Врховниот суд на РМ и на 4-те апелациони судови, во чија организација учсетвуваше и ССРМ

## ➢ ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ

Во рамките на извештајниот период Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализира следните активности: „Судски прашања за признавање на одлуките на Арбитражниот суд/Признавање на странски одлуки од граѓанската област и постапката за признавање според Законот за меѓународно приватно право", „Медијација, спогодби и договори во административните процедури и управната постапка", „Мобинг", „Почитување на правото на сопственост –член 1 од Протокол 1 на ЕКЧП", „Етика во правосудството/Конфликт на интереси", „Законот за јавни набавки со посебно тежиште на борбата против корупција". На сите настани присуствуваа над 150 учесници, меѓу кои: судии, јавни обвинители, адвокати, претставници од министерствата и на останатите институции што се сретнуваат со прашањата кои беа предмет на погоренаведените обуки, како и кандидатите од почетна обука на работилницата на тема „Мобинг".

## ➢ ЗАШТИТАТА НА СВЕДОЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА (WINPRO II)

Во текот на 2015 година Академијата, во рамките на соработката со ЕУ проектот за заштита на сведоци во борбата против организираниот криминал и корупција WINPRO II финансирани од ИПА 2012 повеќекорисничката програма, оранизираше 5 обуки на тема: Системот за заштита на сведоци во РМ во рамките на борбата на

судството против организираниот криминал и корупција, кои се одржаа во различни термини во сите апелациони подрачја.На обуките учествуваа судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите инстанци, како и регионалните полициски службеници за истраги во регионални рамки при МВР на РМ.

- **UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал**

Соработката со UNODC резултираше со одржување советување на тема „Судски интегритет“, на кое присутните судии имаа можност да се запознаат со основните меѓународни документи кои се однесуваат на борбата против корупција, како и со најдобрите меѓународни практики за спречување на корупцијата

- **ЕВРОПСКА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ**

Како продолжение на проектот кој се реализираше во текот на 2014, а беше целосно финансиран и во соработка со Европската банка за обнова и развој и се однесуваше на основните сметководствени вештини за стечајните судии, се одржа една работилница на тема „Основни сметководствени познавања и практики за судии кои работат на стечајни постапки“

- **ИПА ПРОЕКТ „ПОДДРШКА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РЕФОРМИТЕ ВО КРИВИЧНИОТ СИСТЕМ“**

Во соработка со ИПА Проектот организирани се следните настани:

- 3 советувања на тема „Организиран криминал – трговија со луѓе и криумчарење мигранти“. Едно од овие советувања организирано е во соработка со TAIEX
- 3 советувања на тема „Компјутерски криминал“
- Како завршни настани на овој проект се одржаа 3 тркалезни маси на тема „Примена на ЗКП, досегашните искуства и пракса“, од кои 2 беа наменети за судии, јавни обвинители, адвокати и претставници на МВР, МП, Управа за финансиска полиција и Царинска управа на РМ, а една за стручни соработници и советници од судовите и обвинителствата.

- **ИПА ПРОЕКТ 2010 – „ПОНАТАМОШНА ПОДДРШКА ЗА НЕЗАВИСНО, ОДГОВОРНО, СТРУЧНО И ЕФИКАСНО СУДСТВО И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОБАЦИСКАТА СЛУЖБА И АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ“**

Соработката со ИПА Проектот 2010 „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки“ започна со одржување две работилници на тема „Етика и интегритет на судиите да се справат со притисоци“, а во рамките на оваа соработка беа одржани и две базични и една напредна обука за обучувачите.

Во рамките на оваа соработка беше организирана 3 дневна работна посета на d-r Rainer Hornung, заменик јавен обвинител во Јавно обвинителство Лорах, Германија. Целта на неговата посета беше развој на методологија за оцена на обуките во организација на Академијата. Во текот на посетата, а со цел добивање информации за реализацијата на настаните од страна на Академијата, тој оствари работни средби со претставници на Министерство за правда, Судски совет на РМ, Совет на јавните обвинители во РМ, членови на Управниот одбор, на Програмски совет, предавачи, ментори, судии кои посетувале почетна обука во Академијата, како и со директорката и стручната служба на Академијата.

Методологијата за оцена на обуките која тој треба да ја изготви се очекува да ја добиеме во текот на 2016 година.

- **WIPO**

Во соработка со Светската организација за интелектуална сопственот WIPO и Државниот завод за индустриска сопственост одржана е национална работилница на тема „Градење на однос кон правата од интелектуална сопственост за службени лица овластени за спроведување на правата од интелектуална сопственост“.

- **УНХЦР**

Соработката со УНХЦР резултираше со организација на советување наменето за судии и советници на Вишиот управен суд и на Управниот суд, на тема „Правото и праксата во заштита на бегалците“.

- **ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА - ГИЗ**

Во текот на 2015 година ГИЗ започна со имплементација на регионален проект за Правна заштита од дискриминација во Југоисточна Европа. Проектот е со времетраење од 1 година, поточно од септември 2015 до август 2016. Предвидено е на почетокот на 2016 година, во период од јануари до март да се спроведе сеопфатно истражување и анализа на состојбата со законската и институционалната заштита од дискриминација во земјите од Југоисточна Европа. Во овие активности Академијата е партнер на ГИЗ и со свој претставник / експерт активно ќе учествува во реализација на истражувањето за добивање податоци релевантни за Република Македонија.

- **БРИТАНСКА АМБАСАДА**

Во рамки на соработката со Британска амбасада, во периодот од август до септември 2015 година, Академијата преку свој претставник / експерт учествуваше во мисијата за утврдување на состојбата и поставеноста на судската пракса во македонскиот правен систем. Во оваа мисија беа вклучени уште еден домашен и еден меѓународен експерт. Извештајот од оваа мисија беше публикуван кон крајот на

годината од страна на Центарот за правни истражувања и анализи, а со поддршка на Британската амбасада.

Во рамките на оваа соработка, во текот на март 2016 година предвидено е Академијата да организира обука на која ќе присуствуваат предавачи од Judicial College од Лондон. На обуката ќе бидат разгледани можностите судската пракса да биде имплементирана во Општата програма за континуирана обука, но ќе бидат разгледани и новините кои Академијата треба да ги користи како ефективна алатка за обука на целните групи.

## ➢ ТВИНИНГ ПРОЕКТ СО ХРВАТСКА И ЛАТВИЈА

Во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на владеење на правото“, чиј носител е Министерството за правда, за Академијата предвидени се активности во делот на Компонента 2 од Проектот - „Подобрување на знаењата и капацитетите на релевантните чинители на правосудниот сектор за правото на ЕУ и други меѓународни стандарди за правда во поглед на поттикнување на нивно транспонирање во националното законодавство“. Во ноември 2015 година директорката на Академијата имаше средба со претставници на Хрватска и Латвија, на која беа договорени следните чекори во однос на Компонентата 2, односно предвидено е во текот на 2016 година да се реализираат обуки за судиите и јавните обвинители од областа на Правото на ЕУ и Европската конвенција за човекови права.

## ➢ МРЕЖА НА ИНСТИТУЦИИ ЗА ОБУКА НА ПРАВОСУДСТВОТО ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

По покана на Секретаријатот на Советот за регионална соработка, претставници на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ присуствуваа на подготвителната средба на Мрежата на институции за обука на правосудството од Западен Балкан, што се одржа на 23 јуни 2015 година во седиштето на Советот за регионална соработка во Сараево - Босна и Херцеговина. На средбата присуствуваа претставници на институциите за обука на правосудството од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и Македонија како и претставници на AIRE Центарот, SEELS, GIZ и ABA ROLI BRRLN во својство на претставници на партнерите на Советот за регионална соработка (RCC).

Средбата даде можност на претставниците од сите земји учеснички да ја претставаат работата на своите институции, да разменат искуства и добри практики и да дискутираат и предлагаат модули за унапредување на соработка помеѓу институциите за обука на правосудството, на регионално ниво.

Целта на средбата беше да се даде преглед на различните системи за почетна и континуирана обука на судиите и јавните обвинители кои ги спроведуваат тренинг институциите во регионот, тешкотиите со кои се судруваат во својата работа и преку размена на искуствата и добрите практики да се дојде до можни решенија за поефикасна работа, како и да се дискутира за мандатот и улогата на Мрежата на

институции за обука на правосудството која може да се воспостави согласно Регионалниот Акционен план на RCC.

Резултатите и заклучоците од средбата во Сараево треба да бидат почетна точка на идната соработка и редовни средби на тренинг институциите на ЈИЕ, подобрена соработка со конкретни, одржливи и постојани резултати.

## IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### ➢ СТУДИСКИ ПОСЕТИ

Продолжи и практиката на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители, како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија на студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство. Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно беше вклучена во организација на тренинг-активности со повеќе проекти .

Во текот на 2015 година Академијата реализира вкупно 21 студиска посета во странство со учество на вкупно 27 судии и 25 јавни обвинители, 3 претставници од Академијата и 1 претставник од други институции, од кои:




### ➢ ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ TAIEX ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со финансиска поддршка на инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската во текот на 2015 година беа реализирани работилници на следните теми:

- Антидискриминација

- Организиран криминал – трговија со луѓе и криумчарење мигранти (во организацијата на оваа работилница беше вклучен и ИПА Проектот)
- Регионална конференција за превенција на корупцијата во правосудството
- Трудово право во ЕУ и судската пракса на Европскиот суд на правдата на ЕУ и Европскиот суд за човекови права

## **МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА СОГЛАСНО ПОТПИШАНИОТ ТРИГОДИШЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Академијата за судии и јавни обвинители, Амбасадата на Република Франција во РМ и Националната школа за магистрати (ЕНМ) Бордо-Република Франција, во 2015 година успешно ги реализираа предвидените активности како на полето на почетната обука така и на полето на континуираната обука. За таа цел, во 2015 година беа реализирани 3 советувања на кои своите практични искуства со присутните ги споделија 6 истакнати правни практичари Франција, на следните теми: „Мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот",„Диспозитив и образложение на граѓанските пресуди",„Јуриспруденцијата на ЕСЧП и нејзината примена во националните судови". На советувањета во зависност од целната група учествува судии и јавни обвинители од сите инстанци и од сите апелациони подрачја, како и стручни соработници од судовите и јавните обвинителства.

Академијата во период од 26.01.2015 година до 13.02.2015 година овозможи реализација на стаж на кандидат од ЕНМ, продолжувајќи ја досегашната практика во делот на размена на кандидати од почетна обука на ЕНМ и Академијата. На почетокот на 2016 година, Академијата повторно ќе биде домаќин и ќе овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ во време траење од три недели во кои кандидатот од ЕНМ ќе има можност да се запознае со правосудниот систем на Република Македонија.

Дел од предвидените активности останувaат да се реализираат во 2016 година, а станува збор за едно советување посветено на тема: „Менаџмент со судовите„ кое е наменето за претседатели на судови/судски администратори како и посета на Академијата од страна на кандидати од ЕНМ.

## **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Во соработка со Европскиот центар за судии и правници, европски институт за јавна администрација – ЕИПА, во периодот од 1 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година одржани се 5 обуки со учество на вкупно 88 учесници и тоа на следните теми:

**1. „Право на осигурување"** одржана 1 обука, со учество на 26 судии од сите апелациони подрачја;

**2. „Лидерство и управување со суд”** одржана 1 обука, со учество на 23 претседатели;

**3. „Лидерство и управување со обвинителство”** одржана 1 обука, со учество на 17 јавни обвинители на јавните обвинителства во РМ;

**4. „Современ пристап за менаџмент и администрација на судовите”** одржана 1 обука, со учество на 13 судски администратори; и

**5. „Современ пристап за менаџмент и администрација на обвинителствата”** одржана 1 обука, со учество на 9 раководни лица на администрацијата во обвинителствата.

Исто така, од особено значење во рамките на соработката на Академијата со Европскиот центар за судии и правници, Европскиот институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, е тоа што како резултат на успешна соработка, Академијата веќе неколку години номинира учесници на семинари во рамките на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави и во текот на 2015 година Академијата номинираше 2 учесници.

Во тек е подготовка на долгорочен проект со ЕИПА за посебен модул за обуки за ЕУ-право и судската администрација.

➢ <u>**ТУРСКА ПРАВОСУДНА АКАДЕМИЈА**</u>

Во рамките на успешно воспоставената соработката помеѓу Академијата и Правосудната академија на Република Турција, која резултираше со потпишување на Меморандум за соработка во чии рамки треба да се реализираат низа активности преку кои ќе се унапредат правосудните системи на двете земји, на 4 и 5 март 2015 година во просториите на Академијата, се одржа советување на тема „Компјутерски криминал“.Реализацијата на ова советување претставуваше и официјален почеток на реализација на активностите прецизирани со изготвениот Работен план, за заеднички настап на две Академии се со цел унапредување на правосудните системи преку размена на компаративни искуства.

На ова советување, кривичното законодавство во однос на компјутерскиот криминал во Турција го презентираа судија на Врховниот суд на Република Турција и судија од Правосудна академија на Република Турција, како и националните експерти од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и началник на сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на РМ. На советувањето присуствуваа вкупно 28 учесници од кои 9 судии, 18 јавни обвинители и 1 службеник.

## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Под влијание на новите достигнувања во информатичката технологија во 2015 година, Академијата во насока на усовршување на Програмите за почетна и континуирана обука презема повеќе иновативни чекори, со кои се надгради целокупниот компјутерски систем на Академијата.

Имено, во 2015 година, согласно новиот Закон за академијата, се воведе електронско полагање на испитите во Академијата, и за таа цел беше обезбедена просторија за полагање испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет-врска и опрема за снимање на полагањето. За првпат, полагањето на испит се емитуваше во живо на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во рамките на ИПА 2010 проектот кој е финансиран од Европската унија, а е наменет за јакнење на институционалните капацитети на Академијата, судовите и јавните обвинителства, во вид на донација на Академијата и беа доделни 25 персонални компјутери, 2 мрежни принитери, 10 персонални принтери и 1 скенер. Во пресрет на приемот на 6-та генерација слушатели на програмата за почетна обука овие компјутери се поставени во салата наменета за реализација на почетната обука во Академијата.

## XI БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата го продолжи позитивниот тренд на збогатување на библиотечниот фонд и учество на настани што се од суштинско значење за нејзиното функционирање и нејзините крајни корисници.

Во согласност со современите достигнувања во областа на библиотечното работење како и позитивните библиотечни електронски решенија со кои се нуди побрз и поголем пристап до што е можно повеќе содржини од областа на правото, Академијата го збогати библиотечниот фонд со нови законски текстови, домашна и странска правна литература и стручни списанија, а истовремено работеше на унапредување на постоечката електоронска библиотечна база.

Во календарската 2015 година, Академијата учествуваше во подготовка, промоција и дистрибуција на повеќе нови наслови од областа на правото, се со цел на корисниците да им обезбеди широк спектар на правни текстови, како и линкови на бази на податоци што се објавуваат на веб-страницата Академијата.

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ и Комисијата за заштита од дискриминација беа промовирани две публикации: „Практикум на Законот за спречување и заштита од дискриминација" кој ја опишува постапката по која делува Националната комисија за

антидискриминација и нуди компаративна анализа на различните европски модели и „Пресуди од Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската унија“ која претставува компилација од меѓународната судска пракса во однос на случаите на дискриминација.

Академијата на својата веб-страница во текот на целата година ги објавуваше билтените на Меѓународната академија за антикорупција – IACA, како и други релевантни текстови што беа испратени до Академијата од страна на експерти и практичари на правото, со кои е остварена одлична соработка.

Како дел од повеќегодишната соработка со истакнатиот правник од САД, г. Мајкл Дилиберто, Академијата продолжи на својата Веб страна месечно да ги објавува неговите написи посветени на теми од областа на медијацијата.

На веб-страница на Академијата беа објавени и низа корисни линкови со кои на стручната јавност во Македонија и се овозможи пристап до повеќе документи, материјали, публикации, текстови и изданија од областа на правото.

Во рамките на соработката со Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа – CCEC, на својата Веб страна Академијата ги објавуваше во континуитет сите релевантни документи донесени и усвоени од страна на овие две тела, а дел од тие беа преведени и објавени на македонски јазик.

Исто така, на веб-страницата на Академијата редовно се објавуваа сите активности на шефот на делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, како и релевантни документи усвоени од ова тело. Значаен дел од овие документи исто така, беа преведени и објавени на македонски јазик.

Академијата продолжи со промовирање на регионалната дата-база на судската практика на Европскиот суд за човекови права, релевантна за државите од Југоисточна Европа, на која се постирани над 1000 пресуди, преведени на јазиците на регионот. На веб-страницата на Академијата се постирани и линковите преку кои може да се пристапи до дата-базата, како и сите останати документи кои се добиени од страна на АИРЕ Центарот од Лондон.

## XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **<u>БУЏЕТ</u>**

За 2015 година на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 31.293.000,00 денари.

Од почетокот на 2015 година заклучно со 31 декември 2015 година Академијата има реализирано 27.582.622,00 денари од својот буџет.

| 2015 година | Одобрен буџет 31.293.000,00 |
|---|---|
| 401 Основни плати | 14.696.000,00 |
| 402 Придонеси | 5.097.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 300.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 2.000.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 800.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 300.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 7.0.000,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.000.000,00 |
| 480 Купување опрема | 100.000,00 |

**Буџет на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев по години**




- **<u>ЈАВНИ НАБАВКИ</u>**

Во текот на 2015 година Академијата реализира вкупно 15 јавни набавки:
– Постапка со барање за прибирање понуди – 15 постапки;

## XIII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, кој Академијата го имплементира во текот на 2011 година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители која Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидување и планирање на потребниот број обуки, по области, со цел на сите целни групи да им се овозможи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, од Советот на јавните обвинители на РМ се добиени податоци за јавните обвинители и истите се внесени во базата на Академијата.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2015**
**Вкупно судии и јавни обвинители**



**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2015 година
Вкупно судии**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2015 година
Вкупно јавни обвинители**




## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Настаните организирани од Академијата се евалуираат преку прашалници кои се составен дел од работниот материјал за секој настан. Со овие прашалници се добиваат податоци за успешноста на понудената програма, за успешноста на целиот настан и за квалитетот на излагањето на предавачите. Со нивно пополнување, Академијата е во можност да ги утврди ефектите од советувањето, може да се влијае во насока на подобрување на наставата на предавачите, а пошироко се добиваат информации и за потребите на целните групи.

Добиените податоци за 2015 година говорат за високо ниво на задоволство кај учесниците на обуките од начинот на кој тие се организираат, од изборот на темите и нивната корист за учесниците, како и од изборот на предавачите и начинот на кој истите го реализираат настанот.













Академијата веќе започна со активностите во насока на имплементирање на новото законско решение за оценка на ефикасноста на обуките за која цел веќе работи на развој на нова методологија во соработка со врвни експерти на ЕУ.

## XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата обезбедува редовно, јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“

Со цел навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата на својата веб-страница во текот на 2015 година објави повеќе од 350 постови (текстови и линкови), додека во соработка со Македонската новинска агенција – МИА, од страна на МИА беа покриени повеќе од 20 настани на кои учествуваа правни експерти од земјата и странство, национални и странски практичари на правото, како и високи претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија. Исто така, покрај МИА, дел од настаните беа медиумски покриени од страна на повеќе електронски и пишани медиуми

од Републиката. За поголем број од настаните исто така имаше објави и од порталот АКАДЕМИК а воедно беа објавени и повеќе интервјуа на истакнати странски експерти кои имаа излгања на значајни теми од областа на правото.

За да се зголеми транспарентноста, дел од настаните кои ги организирше Академијата беа објавени и на Веб страницата на Адвокатската комора на Република Македонија како дел од успешната соработка која постои помеѓу овие две институции.

За високиот углед на Академијата надвор од границите на државата говори и интересот кој го покажуваат значјни тела на Совет на Европа и ЕУ преку објавување на написи, линкови и сл. за реализирани активности на Академијата.

Во 2015 година, согласно статистиките Веб страницата на Академијата, ја посетиле повеќе од 3388 посетители што укажува на тоа дека од година во година се зголемува интересот на граѓаните на Република Македонија за улогата и работата на Академијата а воедно и дека Академијата посветува посебно внимание на транспарентното работење, преку редовно објавување на нови содржини.




Академијата за судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.мк, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата, како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

